Република Македонија
НАРОДЕН ПРАВОБРАНИТЕЛ

Republika e Maqedonisë
AVOKATI I POPULLIT

OMBUDSMAN
Republic of Macedonia

Народниот правобранител како Национален превентивен механизам (НПМ) на 30.09.2013 година спроведе **последователна посета** на **Прифатниот Центар за странци** на Министерството за внатрешни работи, лоциран во Скопје. НПМ ја спроведе последователната посета придружуван од надворешен соработник, согласно Меморандумот за соработка потпишан помеѓу Народниот правобранител на РМ и Македонското здружение на млади правници.

При последователната посета НПМ утврди дека во Прифатниот центар за странци беа сместени 74 лица од кои пет женски лица и неколку малолетни лица. Во разговор со неколку машки и женски лица, како и со малолетните лица, НПМ не доби поплаки за лошо однесување или физичко насилство или малтретирање од страна на службените лица. Странските лица истакнаа дека полициските службеници имаат коректен однос спрема нив, а најголемиот број на поплаки се однесуваа на тоа дека не им е дозволено да контактираат со нивните семејства, како и за одолговлекувањето на нивната постапка. Од страна на управата беше дадена на увид тетратка во која се нотираат повиците на сместените лица и можеше да се забележи дека истите имаат право да контактираат со своите семејства (40 лица во еден месец оствариле право на контакт), но беше истакнато дека во случај кога се работи за странки во постапка на истите не им се дозволува контакт од безбедносни причини. Сепак НПМ нагласи дека правото на контакт е едно од основните права кои го имаат задржаните лица во овој центар без разлика на нивниот статус за време на престојот во установата

Дополнително НПМ утврди дека не може во целост да се оствари Куќниот ред на центарот во поглед на остварувањето на прошетка на задржаните лица. Иако со измените на Куќниот ред се одреди прошетката да биде на свеж воздух од еден час, сепак и од Управата и од сместените лица се доби информација дека оваа одредба е тешко применлива од причина што има недостаток на вработени, како и заради самата местоположба на центарот при што постои опасност од бегство на задржаните илегални мигранти

Најголем дел од лицата изјавија дека не се запознати со правото да поднесат барање за азил кое уште со Универзалната декларација за човекови права е утврдено како основно човеково право едно лице да побара и да ужива азил во друга земја.

При последователната посета НПМ утврди дека непридружуваните малолетници во Центарот не контактираат и не се посетувани од старател, без разлика дали во нивните досиеа имаат решенија за поставени старатели од Центарот за социјална работа или немаат.

Како резултат на реализираната посета Националниот превентивен механизам подготви извештај во кој ги констатираше состојбите и даде соодветни препораки до Прифатниот центар за странци, како и до Министерството за внатрешни работи.